**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ ВО СКОПЈЕ**

Бр. 02-544/30
28.4.2026 година
Скопје

Врз основа на член 175, алинеја 10, членовите 180 и 181 од Статутот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје („Универзитетски гласник“ бр. 425/2019) и глава Ѓ), точка 6 од Упатството за постапката за избор на ректор, Универзитетската изборна комисија на 7. седница одржана на 28.4.2026 година, ја донесе следната

**О Д Л У К А**
**за утврдување на избран кандидат за ректор на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје во мандатниот период од 16 септември 2026 година до 15 септември 2029 година**

1. Според доставените резултати од страна на изборните комисии (ИК), од спроведеното непосредно и тајно гласање на единиците во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, за ректор на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје во мандатниот период од 16 септември 2026 година до 15 септември 2029 година е избран/а:
   - **проф. д-р Биљана Ангелова**, редовен професор на Економскиот институт во Скопје.

2. Записникот за резултатите од спроведеното гласање на единиците, за избор на ректор на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје во мандатниот период од 16 септември 2026 година до 15 септември 2029 година, е составен дел на оваа Одлука.

3. Мандатот на ректорот од точка 1 на оваа Одлука трае 3 години, почнувајќи од 16 септември 2026 заклучно со 15 септември 2029 година.

4. Правата и обврските на ректорот се утврдени со Законот за високото образование, со Статутот и со другите акти на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

5. Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

***Правна поука:*** Против оваа Одлука и Записникот од точка 2, незадоволните кандидати може да поднесат приговор согласно член 182 од Статутот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, до Универзитетската изборна комисија во електронска форма на е-адресата: uik@ukim.edu.mk и во архивата на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје во рок од три работни дена, заклучно со 4.5.2026 година.

Dimitar Gelev
Digitally signed by Dimitar Gelev
Date: 2026.04.28 17:55:47 +02'00'

**Универзитетска изборна комисија**
**Претседател**
**Проф. д-р Димитар Гелев**

Бул. Гоце Делчев бр. 9, 1000 Скопје, П.Ф.576
Република Северна Македонија
телефон +389 2 3293 293 факс +389 2 3293 202 ректор + 389 2 3293 200
www.ukim.edu.mk